# Извадоци од МВР дневни билтени

http://www.mvr.gov.mk/dnevni-bilteni - Се анализира секое појавување на настан поврзан со велосипедизам

**Содржина:**

**2015 ГОДИНА**

**2016 ГОДИНА**

**2017 ГОДИНА**

**2018 ГОДИНА**

# 2015 ГОДИНА

## Мај 2015

**28.5.2015** - СВР Тетово расветли 13 тешки **кражби** кои во март, април и мај годинава биле извршени во Тетово најмногу, односно девет во патнички моторни возила, три во продавници и две на велосипеди. Кривично пријавен поради постоење основи на сомнение дека ги сторил овие кражби е Е.А. (21) од Тетово. Пријавениот најчесто со кршење на стаклата провалувал во моторните возила и одземал мобилни телефони, чанти, очила за сонце, парфеми и друго, додека од продавниците одземал цигари и парични средства.

## Јуни 2015

**2.6.2015** - На 02.06.2015 година околу 11,00 часот на регионалниот пат Струга-Дебар поточно во с.Враништа случена е **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ„Волксваген Пасат" со охридски регистерски ознаки и велосипед управуван од Михаил С. (79) од с.Враништа. Од незгодата Михаил се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во болницата „Св. Еразмо" за укажување на лекарска помош, но околу 17,30 часот истиот им подлегнал на повредите. Од страна на ПС„Струга" и Ј.О. извршен е увид на местото на настанот и се работи на целосно расчистување на случајот.

## Јули 2015

нема

## Август 2015

**30.8.2015** - На 29.08.2015 год.околу 16.00 часот на Магистралниот пат од Струга према Ќафасан, на излез од градот се случила **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ„Мерцедес" со струшки регистарски ознаки управувано од Г.Г.(27) од с.Франгово и велосипедист Владимир М.(1949) од Струга. Во незгодата Владимир М. се здобил со повреди и бил пренесен во ГБ-Струга каде починал. Увид на местото на настанот извршиле ЈО и екипа од ПС-Струга. Се преземаат мерки за целосно расчистување на настанот.

## Септември 2015

**16.9.2015** - На 15.09.2015 година околу 11,20 часот на регионалниот пат Кичево –Македонски Брод со ул.„Маршал Тито"случена е **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ„Цитроен берлинго" со кичевски регистерски ознаки управувано од И.Н.(44) и велосипед управуван од Насуф Н. (74) од Кичево. Во незгодата со тешки телесни повредни се здобил велосипедистот кој со возило на брза помош бил пренесен во МЦ-Кичево, каде им подлегнал на повредите. На местото на настанот извршен е увид во присуство на Ј.О. како и увидна екипа од ПС Кичево. Се работи на целосно расчистување на случајот.

**19.9.2015** - На 18.09.2015 година во 18.30 часот во Скопје, на крстосницата од бул.„Илинден" и ул.„Наум Наумовски Борче", М.Л.(47) од Скопје, управувајќи ПМВ „Фиат Пунто" со скопски регистарски ознаки, **удрила во велосипедистот** на возраст од 13 години од Скопје. На истиот му е укажана медицинска помош во УЦ-Скопје, каде во 19.35 часот им подлегнал на повредите. По наредба на ЈО, телото на починатиот е предадено на обдукција. Увид на местото извршила екипа од СВР-Скопје.

**22.9.2015** - На 21.09.2015 година околу 17,45 часот во Свети Николе полициски службеник при вршење на службени дејствија, забележал возило Лада кое се движело со голема брзина и велосипед кој се движел пред него. При што, возачот на Лада, видно лут од велосипедистот поради тоа што тој се движел пред него и му пречел во движењето, го запрел возилото и започнал **вербална и физичка расправија**. Полицаецот пристапил, ги одвоил лицата и започнал со легитимирање на возачот на патничкото возило, кој пак давал отпор и започнал со тегнење и буткање да се спротиставува на службеното лице. Потоа возачот седнал во возилото и започнал да го движи по патот држејќи го полицаецот за рака, влечејќи го десетина метри по патот, при што од брзината на движење полицаецот паднал на патот. Возачот на Ладата, триесет годишен жител на Свети Николе, потоа во два наврата, движејќи се по патот и вртејќи полукруг се враќал кон полицаецот обидувајќи се да го прегази. Во неговиот втор обид бил спречен од страна на полицаецот кој во полуседечка положба употребил огнено оружје и притоа му нанел огнострелна рана, од која лицето починало. По наредба на ЈО, телото на починатиот е предадено на обдукција.

**26.9.2015** - На 25.09.2015 година околу 14,00 часот во Скопје на раскрсница од бул.„Партизански Одреди" и ул.„Франклин Рузвелт" случена е **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ„Ауди" со скопски регистерски ознаки управувано од Е.Т.(20), велосипед управуван од Нинослав С.(64) од Скопје и автобус. Од незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот и со возило на брза помош пренесен бил во Ургентниот Центар каде околу 18,30 часот им подлегнал на повредите. Од страна на увидна екипа од СВР-Скопје излезено е на местото на настанот извршен е увид и се работи на целосно расчистување на случајот.

## Октомври 2015

нема

## Ноември 2015

нема

## Декември 2015

**14.12.2015** - На 13.12.2015 година околу 15.30 часот во с.Долно Коњаре во близина на Сточниот пазар, се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ марка „Опел- Олимпија" со кумановски регистарски ознаки, управувано од С.Д.(70) од Куманово, удрило во велосипедист М.П.(74) од с.Долно Коњаре- Куманово, при што истиот се здобил со ТТП, по што е пренесен во МЦ- Куманово, а оттаму во неконтактибилна состојба и во животна опасност пренесен е во УЦ Скопје. Увид на лице место извршила увидна екипа на СВР-Куманово.

# 2016 ГОДИНА

## Јануари 2016

**1.1.2016** - На 31.12.2015 година во 17,00 часот во Охрид на улицата „Радојца Новичиќ" се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ „Пасат" со охридски регистарски ознаки управувано од Ќ.Н. (53) од Охрид удрил во велосипед управуван од Здравко Н.(62) од Охрид кој од збориените повреди починал во болницата „Св.Еразмо". Над Ќ.Н.(53) извршено е алкотестирање при што утврдени се 1,08 промили алкохол во крвта. Истиот, веднаш е исклучен од сообраќај и со потврда, привремено му е одземена возачка дозвола.На местото на сообраќајната незгода, извршен е увид во присуство на Јавен обвинител и полициски екипи. Врз патничкото возило и велосипедот ќе бидат извршени вештачења како и обдукција над телото на сега починатиот.

## Февруари 2016

**21.2.2016** - На 20.02.2016 година во 17,10 часот на регионалниот пат Струга-Дебар, во с.Велешта-Струга, се случила **сообраќајна незгода** помеѓу Автобус „Сетра" со охридски регистарски ознаки, управуван од С.К.(1971) од с.Велешта-Струга, и велосипед со мотор „Томос" без регистарски ознаки, управуван од Б.А.(1964) од с.Корошишта. Во незгодата, возачот на велосипедот со мотор се здобил со ТТП (фрактура на ребра), кој е пренесен во МЦ-Струга, од каде е префрлен во Болницата Св.Еразмо-Охрид, но поради сериозноста на повредите е префрлен во УЦ-Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од ПС-Струга.

**22.2.2016** - На 21.02.2016 година околу 16.00 часот на магистралниот пат Кичево-Охрид, во с.Другово, се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ "Фолксваген Голф" со кичевски регистарски ознаки, управувано од Г.Т. (52) од с.Подвис, кичевско, удрило во велосипед непозната марка управуван од В.Ш. (65) од Кичево. Притоа со тешки телесни повреди се здобил возачот на велосипедот на кој му била укажана лекарска помош во МЦ-Кичево. Со тешки повреди се здобил и возачот на ПМВ, кој поради сериозноста на повредите е пренесен во МЦ-Битола. Увид извршила екипа од ПС-Кичево.

## Март 2016

**9.3.2016** - На 07.03.2016 година во 11.15 часот во Битола, на крстосницата од ул. „Столарска" и ул. „Филип Втори Македонски", се случила **сообраќајна незгода** во која К.Б. (64) од Битола, управувајќи ПМВ „Цитроен берлинго" со битолски регистарски ознаки, удрил во велосипедистот А.М. (67) од Битола. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот А.М., кој бил однесен во Клиничка болница Битола од каде, по укажаната помош , бил пуштен на домашно лекување. Увид на местото на настанот извршила екипа на СВР Битола.

**11.3.2016** - На 10.03.2016 година околу 20,15 часот во Скопје, на крстосница од бул. „Никола Карев" и ул. „Прохор Пчински" случена е **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ „Фолксваген Голф" со кумановски регистерски ознаки управувано од И.И.(52) од Куманово и велосипед управуван од Ф.Р. од Скопје по што истиот се здобил со тешки телесни повреди. Се работи на целосно расчистување на случајот.

**14.3.2016** - На 13.03.2015 година во 05.30 часот во Тетово на булевар „Илинденска" се случила **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ „Пасат" со тетовски регистарски ознаки, управувано од И.И. (34) од Тетово, велосипедист Ј.Ш. (86) од Тетово и паркирано ПМВ „Голф" со тетовски регистарски ознаки, паркирано од Џ.М. (24). Од незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот Ј.Ш., кој е пренесен во Клиничка Болница-Тетово и по укажаната лекарска помош е пуштен на домашно лекување. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа при СВР Тетово.

**20.3.2016** - На 19.03.2016 година во 12,55 часот во ЕИК-Скопје, В.Т. од Скопје , пријавил дека на последна автобуска постојка бр.19 во нас.Шутка, од страна на повеќе лица со закана и употреба на физичка сила било извршено разбојништво над неговиот син А.Т.(19), при што **му одзеле велосипед** и една јакна. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите.

## Април 2016

**1.4.2016** - На 31.03.2016 година во 14.10 часот во ПС „Ѓорче Петров", Л.Т. (32) од Скопје пријавила дека околу 13.20 часот непознато лице извршило **разбојништво** врз неа. Додека истата се движела со велосипед по патот кон с.Радуша била пресретната од непознатото лице, кој ја турнал на земја и почнал да ја удира со тупаници во пределот на главата. Сторителот се обидел да ја соблече, но откако не успеал во тоа и одземал мобилен телефон и побегнал. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителот и за целосно расчистување на случајот.

**6.4.2016** - На 05.04.2016 година околу 12.30 часот во Скопје на крстосница од ул. „Методија Андонов Ченто" и ул. „Антон Попов", се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ „Мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.Р. (20) од с.Арачиново, удрило во велосипед управуван од Руфки Н. (70) од с.Сингелиќ. По незгодата, Н.Р. со возилото го пренел велосипедистот во поликлиниката „Ченто", каде што страна на лекар од Итна медицинска помош била констатирана смрт. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено на обдукција.

**11.4.2016** - На 10.04.2016 година во 22.20 часот во Охрид на ул. „15-ти Корпус" се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ „Југо" со охридски регистарски ознаки, управувано од М.М. (18) од с.Лескоец, охридско, удрило во велосипед управуван од Љ.К. (48) од истото село. Во незгодата со тешки телесни повреди – скршеници на черепот и други места по телото и крварење во мозокот се здобил Љ.К., кој по укажаната лекарска помош во ОБ-Охрид е задржан на лекување на одделението за интезивна нега и се наоѓа во животна опасност. Увид на местото на насатнот извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од ПС за БПС-Охрид.

**13.4.2016** - На 12.04.2016 година околу 15.00 часот во Неготино, на крстосницата од ул .„Маршал Тито" со ул. „Антигона", се случила с**ообраќајна незгода** во која Т.И. (50) од Неготино, управувајќи ПМВ „Мазда" со неготински регистарски ознаки, удрил во тринаесетгодишна велосипедисткаод Неготино. Девојчето со возило на Итна медицинска помош е пренесена во ЈЗУ-Кавадарци, каде и е констатирана тешка телесна повреда и поради сериозноста на повредата е префрлена во Клинички центар–Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од ПС–Неготино.

**19.4.2016** - На 18.04.2016 година околу 20.45 часот во Куманово, на крстосницата од ул. „Самоил" и ул. „Братство единство", се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ „Џип Чироки" со кумановски регистарски ознаки, управувано од А.К. (34) од Куманово удрило во велосипед „Херкулес" управуван од Ш.Р. (65) од Куманово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Ш.Р., кој по укажаната лекарска помош во Општа болница-Куманово бил препратен во Ургентен центар-Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР-Куманово.

## Мај 2016

нема

## Јуни 2016

**6.6.2016** - На 05.06.2016 година околу 13.00 часот на регионалниот пат Гостивар-с.Неготино се случила **сообраќајна незгода** во која непознато ПМВ управувано од непознат возач удрило во Велосипед „Скот“, управуван од М.Х. (69) од с.Добридол, гостиварско, по што го напуштило местото на настанот. Во незгодата М.Х. се здобил со тешки телесни повреди по што во МЦ-Гостивар му била укажана лекарска помош, а поради сериозноста на повредите истиот е пренесен во Клиничкиот центар-Скопје. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на ПС-Гостивар.

**7.6.2016** - На 06.06.2016 година околу 17.00 часот во Скопје, на крстосница на бул.„Партизански Одреди“ и ул.„Иван Цанкар“, се случила **сообраќајна незгода** помеѓу Моторцикл „Џилера“ управуван од седумнаесетгодишник од с.Студеничани, скопско, и велосипедист К.Ј. (47) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила К.Ј. која со Итна медицинска помош била пренесена во Ургентен центар Скопје. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**10.6.2016** - На 09.06.2016 година во 21.40 часот во Штип на крстосницата од ул.„Партизанска“ и ул.„Борис Крајгер“, ПМВ „Алфа Ромео 156“ со штипски регистарски ознаки, управувано од Г.Д. (37) од Штип, **удрило во велосипедистот** Б.Д. (59) од Штип. Од незгодата на лице место починал велосипедистот. Смрт е констатирана од страна на доктор од Итна медицинска помош Штип. Увид на местото на настанот извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Штип. Возачот и сопатникот Г.М. (36) , се алкотестирани при што кај Г.Д. е констатирано присуство на алкохол од 1,23 промили, а кај сопатникот Г.М. е констатирано присуство на алкохол од 1,87 промили. По наредба на Јавен обвинител ќе се изврши обдукција над телото на починатиот.

**14.6.2016** - На 13.06.2016 година во 14.00 часот во Охрид, на ул.„Јане Сандански“ се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ „Пасат“ со охридски регистарски ознаки, управувано од Г.С. (39) од Охрид, удрило во велосипед „Пони“, управуван од Б.Т. (63) од Охрид. Во незгодата Б.Т. се здобила со тешки телесни повреди, по што во Општата болница-„Св.Еразмо“ и била укажана лекарска помош и била задржана на понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР-Охрид.

**15.6.2016** - На 14.06.2016 година во 14,00 часот во с.Радуша, се случила **сообраќајна незгода** во која 15 годишно дете од с.Радуша, управувајќи велосипед „Пинифанино“ изгубил контрола над истиот и паднал.Во незгодата детето се здобило со ТТП каде после укажаната лекарска помош во ГОБ„8-ми Септември“, поради сериозноста на повредите истиот е пренесен во ГОБ„Св.Наум Охридски“. Увид на лице место извршила увидна екипа на СВР-Скопје.

## Јули 2016

**10.7.2016** - На 09.07.2016 година околу 10,45 часот во с.Сингелиќ–Скопје, поточно на клучката со ул.„Методија Андонов Ченто“, се случила **сообраќајна незгода** во која Е.Ш.(1977) од Скопје управувајќи ТМВ„Мерцедес“ удрил во дете велосипедист на вoраст од 6 години од Скопје кое поради карактерот на здобиените повреди починало. По незгодата Е.Ш. сам се пријавил во ПС-Гази Баба. Увид на лице место извршила екипа од СВР Скопје.

**17.7.2016** - На 16.07.2016 година во 11,45 часот на регионалниот пат Р-29471, во с.Подареш-Радовиш, пред куќата на Т.Н, се случила **сообраќајна незгода** во која В.Н. (1988) од с.Подареш, управувајќи ПМВ„Форд Галакси“ со времени регистарски ознаки, удрил во велосипед „Хамер макс“ управуван од дете на возраст од 8 години од с.Подареш. Во незгодата детето се здобило со ТТП (фрактура на череп, крварење од десно уво и повреда на десно белодробно крило), и по укажаната лекарска помош е пренесено и задржано на лекување во УЦ-Скопје. Увид на местото на настанот извршиле ЈО и екипа од ПС-Радовиш.

**23.7.2016** - На 23.07.2016 година во 02.30 часот В.П. во ПС Карпош пријавила дека на 22.07.2016 година околу 19.30 часот непознат сторител извршил полов напад врз нејзината дванаесетгодишна ќерка. Додека девојчето возело велосипед по булевар „Иво Лола Рибар“ и ул. „Анкарска“ застанало до едно непознато

машко лице, кое се движело пеш, на возраст од околу 40 години, и му побарала 20 денари. Сторителот и рекол дека ќе и даде , но дека треба да појде со него до блиската гаража, на што истата се согласила. Наместо 20  сторителот и дал 500 денари и ја однел во гаражата каде го извршил половиот напад, по што заминал и и рекол да не кажува никому. Се преземаат мерки за целосно расчистување на настанот.

**25.7.2016** - На 24.07.2016 година во 17.30 часот во Велес на ул.„Димко Најдов" се случила **сообраќајна незгода** во која Д.Ј. (56) од Велес, управувајќи велосипед изгубил контрола над истиот и паднал во канал за атмосферски води. Д. Ј. е пренесен во Општа болница Велес каде му се констатирани телесни повреди и е задржан на понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Велес.

## Август 2016

**6.8.2016** - На 06.08.2016 година околу 00,55 часот во Скопје, на бул.„К.Ј.Питу" поточно во влез од зграда, непознат сторител извршил **разбојничка кражба** над Ј.Ј. (19) од Скопје,  при што му бил одземен еден велосипед марка „ТДЦ". Имено непознатиот сторител со употреба на погоден предмет го исекол бројчаникот со кој бил врзан велосипедот, истиот го изнел од влезот на зградата, каде бил забележан од страна на оштетениот и истиот му рекол да го остави велосипедот бидејќи бил негов и дека ќе викне полиција, но лицето извадило нож и со истиот му се заканил. Оштетениот ги пуштил рачките од велосипедот, а лицето со велосипедот го напуштил местото на настанот стекнувајќи се со противправна имотна корист од 18,000 денари. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**16.8.2016** - На 15.08.2016 година во 19.40 часот во Скопје, на патеката на кејот на реката Вардар, се случила **сообраќајна незгода** во која Д.Ј. (59) од Скопје, управувајќи велосипед, паднал со истиот на патеката. Истиот со возило на Итна медицинска помош е пренесен во ГОБ „Св.Наум Охридски", каде му се констатирани тешки телесни повреди и во животнозагрозувачка состојба е задржан на понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

**18.8.2016** - На 17.08.2016 година  во 22.20 часот во ПС ОН Свети Николе, Е.Б. (29) од Свети Николе пријавила дека истиот ден  во периодот од 17.30 до 18.00 часот  на ул.„Јане Сандански", додека нејзината петнаесетгодишна роднина Куманово, која била кај неа на гости,  возела велосипед, пред неа се појавило непознато машко лице кое ги соблекло шорцевите и го покажувало половиот орган. Девојчето продолжило со движењето , по што  и раскажало на Е.Б.  По овластување на Основното јавно обвинителство Штип во просториите на ПС ОН Свети Николе, во присуство на претставник од Центарот за социјални работи во Свети Николе, извршен е разговор со девојчето, по што е извршено препознавање на лицето. Се работи за К.Т. (28) од Свети Николе. По документирање на настанот од страна на ПС ОН Свети Николе ке биде поднесена кривична пријава по чл.190 од Кривичниот законик на Р.Македонија.

**22.8.2016** - На 21.08.2016 година околу 18.30 часот во Велес на ул.„Димитар Влахов", се случила **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ „Волксваген Поло" со велешки регистарски ознаки, сопственост и управувано од С.С. (25) од Велес и осумгодишен велосипедист од Велес. По незгодата велосипедистот е пренесен во МЦ-Велес, каде од страна лекар му биле констатирани тешки телесни повреди и истиот ќе биде пренесен во Ургентен центар Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР-Велес, а по наредба на јавен обвинител возилото е упатено на вонреден технички преглед.

**26.8.2016** - На 25.08.2016 година во 21.45 часот на локалниот пат во с.Теарце, тетовско, се случила **сообраќајна незгода** помеѓу велосипед управуван од А. В. (31) од с.Теарце, велосипед  управуван од Р.М. (20) од с.Теарце и пешак М.Б. (29) од с.Теарце.  Во незгодата пешакот  М.Б. се здобил со телесни повреди, а велосипедистот А.В. се здобил со тешки телесни повреди. Двајцата биле пренесени во клинички центар Тетово каде им била укажана лекарска помош. По укажаната помош велосипестот А.В. како итен случај е пренесен во Ургнетен центар Скопје, додека пешакот М.Б. бил пуштен на домашно лекување. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Тетово.

**27.8.2016** - На 26.08.2016 година во 06,40 часот на регионалниот пат Превалец-с.Смојмирово, на м.в.„Говедарски пат“, атар на Виница се случила **сообраќајна незгода** помеѓу ТМВ„Пежо“ со кочански регистарски ознаки, управувано од Ј.М. (1975) од Кочани и велосипедист С.М. (1945) од Виница. Во незгодата на местото на настанот починал С.М. Увид извршиле ЈО и екипа од ПС-Виница. По наредба на ЈО, телото на починатиот е дадено на обдукција.

**29.8.2016** - НК за КР Виница до ОЈО Кочани поднесе извсетување против пет малолетни лица на возраст од 13 до 17 години поради постоење основи на сомнение дека сториле две кривични дела **„кражба**“ и две кривични дела „тешка кражба“. Пријавените во временскиот период од 26.06. до 12.08.2016 година со намера за себе да прибават противправна имотна корист на подрачјето на ПС Виница искористувајќи прилика одзеле еден велосипед и од незаклучено ПМВ одзеле ташна во која се наоѓале 69.500 денари, 250 евра, кутија со монети од вкупно 3310 денари и платежни картици, со употреба на сила и подесен алат насилно отвориле врата од куќа од каде одзеле радио, таблет марка „Самсунг Галакси„ кутија за накит, женски позлатен часовник , женски сребрен часовник, бижутерија, гривна „Сваровски“ и лап топ и од дрвена барака насилно со употреба на сила и подесен алат ја отвориле вратата и одзеле 1.200 денари , со што се стекнале со противправна имотна корист од 182.210 денари.

**31.8.2016** - СВР Тетово поднесе кривична пријава против О.Ф. (29) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело **„предизвикување општа опасност**“. На 09.07.2016 година пријавениот движејќи се со патничко возило „Фолксваген“ поминал покрај оштетениот Р.Р. (20) од с. Желино, кој се движел со велосипед и го предупредил да внимава да не го удри со автомобилот. По ова настанала вербална расправија која преминала во физичка пресметка, која била спречена од случајни минувачи. По ова Р.Р. со велосипедот се оддалечил од местото на настанот, но бил пресретнат од пријавениот кој со возилото го удрил во пределот на нозете, по што оштетениот паднал на асвалтот, а пријавениот физички го нападнал удирајќи го по главата и телото.

## Септември 2016

**4.9.2016** - На 03.09.2016 година околу 10,40 часот во Скопје на ул.„Ѓорче Петров“ случена е **сообраќајна незгода** во која С.Б.(28) од Скопје управувајќи ПМВ„Форд Фиеста“ со скопски регистерски ознаки удрил во велосипедист М.М. (89) од Скопје. Со возило на ИМП М.М. бил пренесен во КЦ-Скопје каде му биле констатирани тешки телесни повреди (фрактура на лев колк) и истиот бил задржан на лекување. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Скопје и се работи на целосно расчистување на случајот.

**6.9.2016** - На 05.09.2016 година во 12.30 часот во Тетово на крстосницата од ул.„Р.Цониќ“ и ул.„Његошева“ се случила **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ„Ауди“ со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ј.Н. (47) од Тетово и Велосипед „Макс“ кој го управувал дванаесетгодишник од Тетово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот и во Клиничкиот центар-Тетово му била укажана лекарска помош по што бил пуштен на домашно лекување. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Тетово.

**11.9.2016** - На 10.09.2016 година околу 16.00 часот на локалниот пат за Средно Водно се случила **сообраќајна незгода** помеѓу мотоцикл „Јамаха“ со скопски регистарски ознаки, управуван од Ф.Р.К. (18) од Скопје и велосипед „Рог“ управуван шеснаесетгодишник од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди(скршеница на рака, нога и повреди на глава) се здобил велосипедистот кој бил пренесен и задржан на лекување на клиниката КАРИЛ при Ургентен центар Скопје и се наоѓа во животна опасност, додека Ф.Р.К. се здобил со телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје, при што од учесниците е земена крв и урина за анализа, а мотоциклот е пренесен за вонреден технички преглед.

**16.9.2016** - На 15.09.2016 година околу 16,30 часот во Куманово на ул.„11-ти Ноември“ пред влезот на „Тетовскиот Универзитет“, се случила **сообраќајна незгода** во која З.А.(1992) од с.Слупчане-Општина Липково, управувајќи ПМВ„БМВ“ удрил во велосипедистот на возраст од пет години од Куманово. Во незгодата велосипедистот се здобил со ТТП, кој по укажаната лекарска помош во ОБ-Куманово, е префрлен во УЦ-Скопје. Увид на лице место извршила екипа од СВР-Куманово.

**21.9.2016** - На 20.09.2016 година во 19.00 часот во Скопје во населбата Гоце Делчев на локалниот пат према с.Петровац, случена е **сообраќајна незгода** во која Ј.Д.(54) управувајќи ПМВ „Мерцедес“ со скопски регистерски ознаки удрил во велосипедистот Х.К.(19) од Скопје. Х.К. со возило на ИМП бил префрлен во УЦ-Скопје, каде што му биле констатирани тешки телесни повреди и истиот е во животна опасност. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Скопје. Се работи на целосно расчистување на случајот.

## Октомври 2016

**1.10.2016** - На 30.09.2016 година околу 12,00 часот во Струга на ул.„Владо Малески“ случена е **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ „Цитроен“Ц3 со скопски регистерски ознаки управувано од Т.Ѓ. (74) од Скопје и велосипед управуван од В.Т. (72) од Струга. Во незгодата со тешки телесни повреди (фрактура на черепот и левата половина од горната вилица и крварење во главата) се здобил возачот на велосипедот, кој бил пренесен во МЦ-Струга, од каде поради сериозноста на повредите бил пренесен во болницата Св.Еразмо-Охрид, каде бил задржан на понатамошно лекување. Увид на местото на настанот бил извршен од ЈО и увидна екипа од ПС-Струга и се работи на целосно расчистување на случајот.

**3.10.2016** - На 02.10.2016 година околу 16.40 часот на регионалниот пат с.Аргулица – штипско се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ „Лада Нива“ со штипски регистарски ознаки, управувано од В.Д.(51) од Штип, удрило во велосипед управуван од С.С. (80) од Штип. Возачот на велосипедот С.С. починал на самото место. Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Увид на местото на настанот извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Штип. Било извршено алкотестирање на В.Д. и било утврдено присуство на 1,60 промили на алкохол во организмот. По наредба на Јавен обвинител над телото на починатиот ќе биде извршена обдукција.

**7.10.2016** - На 06.10.2016 година околу 19,45 часот во Скопје на ул.„4-ти Јули“ случена е **сообраќајна незгода** во која ПМВ„Фолксваген Пасат“ со скопски регистерски ознаки управувано од М.В. од Скопје удрил во велосипедистот А.Г.(22) од Скопје. Истиот бил префрлен во ГОБ „8-ми Септември“, каде што му биле констатирани тешки телесни повреди (фрактура на лева клучна коска) и е вон животна опасност. Извршен е увид од страна на увидна екипа од СВР-Скопје и се работи на целосно расчистување на случајот.

**8.10.2016** - На 07.10.2016 година во 11,15 часот во Прилеп на бул.„Гоце Делчев“ се случила **сообраќајна незгода** во која ТМВ комбе со скопски регистарски ознаки, управувано од засега непознат возач, удрило во велосипед управуван од Љ.Т.(1939) од Прилеп, по што ТМВ го напуштило лице местото. Во незгодата Љ.Т. се здобил со ТТП, по што бил пренесен во ГБ-Прилеп каде му била укажана лекарска помош и е задржан на понатамошно лекување. Увид на лице место извршила увидна екипа на ПС-Прилеп.

**10.10.2016** - На 09.10.2016 година околу 11.37 часот во Битола на крстосницата од ул. „4-ти Ноември“ и ул.„Димитар Илиевски Мурато“ се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ „БМВ“ со битолски регистарски ознаки удрило во велосипедистот М.М. (40) од Битола, по што го напуштил местото на настанот. Додека траел увидот на местото дошол Е.Ф. (24) од Битола, кој се пријавил како учесник во сообраќајната незгода, како возач на споменатото возило. Е.Ф. бил алкотестиран при што не е констатирано присуство на алкохол, а М.М. бил пренесен во КБ Битола каде што му се констатирани тешки телесни повреди и е задржан на одделот за интензивна нега на понатамошно лекување.

**10.10.2016** - На 09.10.2016 година во 19.55 часот во Гостивар, на крстосницата од локалниот пат с.Форино-с.Чегране, се случила **сообраќајна незгода** во која А.А. (54) од с.Форино, управувајќи ПМВ „Нисан“ со гостиварски регистарски ознаки, удрил во велосипед управуван од тринаесетгодишно дете од с.Чегране. Во незгодата велосипедистот се здобил со тешка телесна повреда, кој по укажаната лекарска помош во МЦ Гостивар бил префрлен во УЦ Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од ПС Гостивар.

**14.10.2016** - На 13.10.2016 година околу 18.10 часот во ЕИК Скопје добиена е пријава дека на реонот Матка кон Милениумскиот Крст, Е.Ј. и Д.Р., движејќи се **со велосипеди, се изгубиле**. Од страна на полициски службеници и служба за спасување „Водно“ биле преземени мерки за пронаоѓање на лицата по што во 21.05 часот, лицата биле пронајдени.

## Ноември 2016

**7.11.2016** - На 06.11.2016 година во 13.40 часот во Кочани, на магистралниот пат во атар на населба Оризари се случила **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ „Мерцедес“ со штипски регистарски ознаки, управувано од А.С. (52) од Штип и велосипед управуван од Б.Т. (65) од н.Оризари-Кочани. Во незгодата со тешки телесни повреди се стекнал велосипедистот Б.Т., кој по укажаната медицинска помош во Јавна здравствена установа Кочани, поради сериозноста на повредите бил препратен во Клинички центар Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од ПС Кочани.

**10.11.2016** - СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ј.Д. (44) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот“ со смртни последици. Пријавениот на 20.09.2016 година на регионалниот пат Скопје –Велес, управувајќи ПМВ „Мерцедес“, удрило во Х.К. (19) од Скопје, кој управувал велосипед. Х.К., веднаш по настанот бил пренесен во Ургентен Центар Скопје , каде што починал по неколку дена.

**17.11.2016** - На 16.11.2016 година во 12.40 часот во Струмица на бул.„Ленинова“ се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ „Форд“ со струмички регистарски ознаки, управувано од Т.А. (26) од с.Чанаклија, струмичко, велосипед управуван од И.Н. (50) од с.Добрејци и паркирано ПМВ „Смарт“ со велешки регистарски ознаки, сопственост на Б.С. (56) од Струмица. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот И.Н., на кој му била укажана лекарска помош во Медицински центар Струмица и бил задржан на понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила екипа од ПС за БПС Струмица.

**22.11.2016** - На 21.11.2016 година во 11.00 часот во ПС за БПС Охрид пријавена е **сообраќајна незгода** која се случила истиот ден во 06.30 часот во Охрид на ул. „7-ми Ноември“ помеѓу автобус „Икарус“ со охридски регистарски ознаки, управуван од Б.Б. (33) од с.Пештани, охридско и велосипед „Пони“ управуван од Б.Т. (64) од с.Велгошти, охридско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот на велосипедот, кој бил пренесен во Специјалната болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо и по укажаната лекарска помош бил задржан на понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Охрид.

## Декември 2016

**7.12.2016** - На 06.12.2016 година околу 18.00 часот на магистралниот пат Делчево – Штип, на делницата од с.Истибања до Виничка раскрсница, поточно на м.в „Гара“, се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ „Сеат Кордоба“ со светиниколски регистарски ознаки удрило во пешакот Ѓ.Т. (67) од Делчево, кој туркал велосипед. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Ѓ.Т. , на кој му била укажана лекарска помош, по што бил препратен во Клинички центар Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа на СВР Штип.

**17.12.2016** - На 16.12.2016 година во 18,00 часот на регионалниот пат Прилеп-Крушево се случила **сообраќајна незгода** во која П.К.(1981) од с.Големо Коњари-Прилеп, управувајќи ПМВ„Голф“ удрил во Б.Р. (1951) од Прилеп, кој туркал велосипед. Во незгодата Б.Р. се здобил со ТТП и по укажаната лекарска помош во ГБ-Прилеп, е префрлен во УЦ-Скопје за понатамошно лекување. Увид на лице место извршила екипа од ПС-Прилеп.

**24.12.2016** - На 23.12.2016 година околу 10,30 часот во Берово на крстосницата од ул.„Маршал Тито“ со ул.„Паруца“ случена е **сообраќајна незгода** во која М.Г. (62) од Берово управувајќи ПМВ„Хјундаи“со штипски регистерски ознаки удрил во велосипед управуван од Б.Ќ. (75) од Берово. Во незгодата велосипедистот се здобил со тешка телесна повреда (фрактура на десна бутна коска), кој по укажаната лекарска помош во ЈЗУ-Берово, поради сериозноста на повредата бил префрлен и задржан на лекување во МЦ-Штип. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од ПС-Берово. Се работи на целосно расчистување на случајот.

# 2017 ГОДИНА

## Јануари 2017

**11.1.2017** - СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Р. (38) од Скопје поради постоење основано сомнение за сторени осум кривични дела **тешка кражба**. Имено, пријавениот во периодот од 10.05.2014 до 14.07.2014 година, во време меѓу 11,00 до 15,00 часот, во централното градско подрачје, во Градскиот трговски центар извршил осум тешки кражби на велосипеди. При извршувањето на кривичните дела сторителот користел погоден алат и физичка сила, и притоа се стекнал со противправна имотна корист од околу 96.000 денари.

## Февруари 2017

нема

## Март 2017

**5.3.2017** - На 04.03.2017 година околу 14,54 часот на влез во с.Студеничани-скопско, се случила **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ„Рено Меган" со скопски регистерски ознаки управувано од Д.М. (33) од с.Зелениково и велосипед управуван од девет годишен малолетник од с.Студеничани. Во незгодата со тешка телесна повреда (скршена бутна коска) се здобил малолетникот. На истиот му била укажана лекарска помош во УЦ-Скопје. Од страна на увидна екипа од СВР-Скопје извршен е увид и се работи на целосно расчистување на случајот.

**15.3.2017** - На 14.03.2017 година во 14.00 часот во Скопје, на ул. „Симеон Кавракиров" во близина на крстосницата со ул. „Борис Кидриќ", се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ „Киа Сид" со скопски регистарски ознаки, управувано од З.Н.А. (39) од Скопје удрила во велосипед „Пони", управуван од Д.М. (59) од Скопје. По незгодата велосипедистот Д.М. со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Ургентен центар Скопје, каде му се константирани тешки телесни повреди и е задржан за понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Скопје.

**18.3.2017** - На 17.03.2017 година околу 15,40 часот на регионалниот пат Охрид-Свети Наум, случена е **сообраќајна незгода** помеѓу ТМВ "Фиат Фиорино" со охридски регистерски ознаки управувано од М.Н. (42) од с.Шипокно-охридско и велосипед управуван од Б.И. (52) од нас. Св.Стефан. Во незгодата Б.И се здобил со тешки телесни повреди (внатрешно крварење во главата), каде по укажаната лекарска помош во ОБ-Охрид, поради сериозноста на повредите истиот бил пренесен во КЦ-Скопје. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР-Охрид и се работи на целосно расчистување на случајот.

**19.3.2017** - На 18.03.2017 година во 18,45 часот во Тетово на бул.„В.С.-Бато", случена е **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ„Ровер" со тетовски регистерски ознаки управувано од Г.Н. (36) од Тетово, ПМВ„Форд Фокус"со тетовски регистерски ознаки управувано од М.О. (35) од с.Шипковица, и велосипед управуван од Е.М. (36) од Тетово. Во незгодата велосипедистот Е.М. се здобил со тешки телесни повреди, кој по укажаната лекарска помош во КЦ-Тетово, како итен случај бил префрлен во УЦ-Скопје. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Тетово и се работи на целосно расчистување на случајот.

**20.3.2017** - На 19.03.2017 година во 11.15 часот во ЕИК Скопје, од поликлиниката „Ѓорче Петров" пријавено е дека бил донесен Џ.Б. (70) од с.Сарај, скопско, кој бил повреден при **сообраќајна незгода** во с.Љубин, скопско. Џ.Б., како велосипедист, бил удрен од ПМВ „Фолксваген Голф" со скопски регистарски ознаки, управуван од А.Ј. (33) од с.Бојане, скопско. Од незгодата Џ.Б. се задобил со тешки телесни повреди.

**23.3.2017** - На 22.03.2017 година во 06.00 часот во ПС Гостивар, од Лондон-Велика Британија, било пријавено дека лицето О.М.Ј. (32) од Холингтон-Велика Британија, кое било на подрачјето на ПС Гостивар во шума во близина на Ново Село, побарало помош. Околу 07.25 часот полициски службеници излегле на местото при што, помеѓу каменоломите на магистралниот пат Гостивар-Кичево, на ридот било забележано лицето О.М.Ј., кој пријавил дека врз него било извршено кривично дело **„разбојништво**". Имено, на 21.03.2017 година околу 19.00 часот, движејќи се на наведениот пат со велосипед, на околу 500 метри од крстосницата за „Бунец"-Маврово, бил запрен од три непознати лица кои му побарале пари. Оштетениот им дал 2.000 денари и две кредитни картички, по што две од лицата заминале за Гостивар, а едното лице останало да го чува. После половина час двете лица се вратиле, а лицето што го чувало со текстилна лента му ги врзало рацете, го внел во возилото и се упатиле кон Гостивар. Оштетениот, кој бил на задното седиште, успеал да извади нож кој го носел со себе, се одврзал и на едно од лицата му задал неколку удари со ножот. Напаѓачите го запреле возилото, а оштетениот успеал да ја отвори задната врата и избегал во правец на планината. Оттаму, со неговиот мобилен телефон преку социјалните мрежи успеал да се лоцира, од каде неговите родители од Велика Британија пријавиле во Полициска станица. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за целосно расчистување на случајот.

**23.3.2017** - На 22.03.2017 година околу 16.30 часот во с.Долно Коњари, скопско, на ул. „1" се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ „Форд Фокус " со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Б. (25) од с.Батинци удрило во деветгодишно дете велосипедист од с.Долно Коњари. Во незгодата детето се здобило со тешки телесни повреди и по укажаната лекарска помош било задржано на понатамошно лекување на Детска Хирургија во Клиничкиот центар. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

**31.3.2017** - СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.И. (22) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „**тешка кражба**". Во периодот од 26 јануари до 09 март 2017 година, на ул. „Дејан Војвода" во куќа сопственост на С.М., пријавениот насилно влегол и одзел неколку велосипеди, повеќе апарати за домаќинство и дел од покуќнината со што се стекнал со противправна имотна корист од околу 250.000 денари.

## Април 2017

**12.4.2017** - СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ј.Д.(45) од с.Јурумлери, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" и против Т.Т.(55) од истото село поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање". На 20.09.2016 година околу 16.00 часот Ј.Д. отишол во дворот на Т.Т., каде биле паркирани повеќе возила пред лимарскиот сервис. Ј.Д., откако добил дозвола од сопственикот на сервисот, Т.Т. извршил отштрафување на регистарските таблички од ПМВ „Застава 125П" и ги истакнал на ПМВ „Мерцедес", кое немало регистарски таблички. После тоа со возилото се вклучил на локалниот пат Велес-Скопје при што направил **сообраќајна незгода** удирајќи велосипедист.

**18.4.2017** - СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.И. (22) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „**тешка кражба**". Пријавениот го сторил делото во периодот од јануари до март 2017 година на ул. „Дејан Војвода" во куќа сопственост на С.М. од Охрид. Пријавениот со подесен алат насилно ја отворил влезната врата, влегол внатре и по извршеното пребарување одзел три детски велосипеди, повеќе апарати за домаќинство, повеќе работни машини, дел од покуќнината, разновиден кујнски прибор и четири собни врати. На тој начин пријавениот С.И. се стекнал со противправна имотна корист од околу 250.000 денари.

## Мај 2017

**3.5.2017** - На 02.05.2017 година околу 06.00 часот во Охрид на ул. „Стив Наумов", во сопствената плевна, З.Ќ. од Охрид затекнал две непознати лица (најверојатно од Сирија) како спијат. Во тој момент едно од

лицата му се заканило со пиштол и со пластични врвки му ги врзале рацете. Откако го заврзале му **одзеле** приврзок со клучеви, велосипед и еден дуксер, по што побегнале во непознат правец. З.Ќ. бил пронајден во 07.15часот. Истиот не е повреден. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата и за целосно расчистување на случајот.

**27.5.2017** - На 26.05.2017 година во 22,10 часот во Охрид на ул.„Кленоец" се случила **сообраќајна незгода** во која ПМВ„Рено Меган" со охридски регистерски таблици управувано од Б.Т. (75) удрил во велосипед управуван од Б.М (61), и двајцата од Охрид. На Б.М. медицинска помош му била укажана во ОБ Охрид, каде му биле констатирани тешки телесни повреди, по што бил препратен во МЦ „Св.Еразмо". Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од ПС Охрид. Се работи на целосно расчистување на случајот.

## Јуни 2017

**1.6.2017** - На 31.05.2017 година околу 23.30 часот лекар од Градската општа болница „8 Септември" пријавил дека била донесена повредена Д.Г. (45) од Скопје, која при симнување од автобус, била **удрена од непознат велосипедист** во движење. Истата се здобила со тешка телесна повреда.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**7.6.2017** - На 06.06.2017 година во 13.00 часот во Скопје на крстосницата од ул. „4-ти Јули" и ул. „Вера Циривири Трена" се случила **сообраќајна незгода** во која патничко возило „Мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.Х. (27) од с.Сарај, скопско, удрило во велосипедистот Ж.К.(72) од Скопје. Велосипедистот Ж.К. со возило на Итна медицинска помош бил префрлен во Клинички центар Скопје каде му биле констатирани тешки телесни повреди и се наоѓа во животна опасност. Увид на местото на настанот извршила екипа на СВР Скопје.

**16.6.2017** - Ноќта помеѓу 13 и 14.06.2017 година во с.Теново, тетовско, непознат сторител извршил **тешка кражба** во куќата на Д.З. (56) кој е на привремена работа во Швајцарија. Сторителот со употреба на погоден предмет ја отворил заштитната решетка од балконската врата на куќата, влегол внатре и од помошните простории одзел велосипед и четирицикл, по што побегнал во непознат правец. СВР Тетово презема мерки за пронаоѓање на сторителот и за целосно расчистување на случајот.

**17.6.2017** - На 16.06.2017 година во 17.15 часот во Кавадарци, на крстосницата од ул. „Ѓоре Брушански", ул.„Ваташка" и ул.„Киро Митрев", се случила **сообраќајна незгода** во која патничко „Опел Корса" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од З.М. (29) од Кавадарци, удрило во велосипед „Партизан", управуван од Р.Н. (80) од Кавадарци. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, кој по укажаната лекарска помош во Општа болница Кавадарци бил задржан на понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила екипа од ПС ОН Кавадарци.

**19.6.2017** - На 18.06.2017 година во 13.35 часот на крстосницата од ул. „Димко Наредникo" и ул. „Биди маж" во Прилеп се случила **сообраќајна незгода** помеѓу патничко возило „Фолксваген Лупо" со прилепски регистарски ознаки, управувано од З.Д. (29) од Скопје и велосипед управуван од М.Ш.(53) од Прилеп. Во незгодата со тешки телесни повреди се стекнал велосипедистот, кој со возило на Итна медицинска помош е префрлен во Градска болница Прилеп, каде му се констатирани повредите и е задржан на понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила екипа од ПС Прилеп.

**20.6.2017** - На 19.06.2017 година околу 18,00 часот во с.Јурумлери, скопско, се случила **сообраќајна незгода** помеѓу патничко возило „Фолксваген Поло" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.И.(27) од Скопје и велосипед, управуван од С.Б. (68) од с. Јурумлери, скопско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, кој бил пренесен и задржан во Клинички центар Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа на СВР Скопје.

**22.6.2017** - На 21.06.2017 година во 08.29 часот во Единицата за известување и командување Скопје било пријавено дека во Ургентен центар Скопје, со тешки телесни повреди, бил донесен В.А. (34) од Скопје. Истиот се здобил со повреди во **сообраќајна незгода** која се случила на булевар „Мито Хаџивасилев Јасмин", поточно кај трговски центар „Рамстор". Додека В.А. управувал велосипед бил удрен од теренско возило „Ивеко" со битолски регистарски ознаки, управувано од Ј.З. (43).

**24.6.2017** - На 23.06.2017 година во 18.30 часот во Прилеп, на крстосницата од ул. „Вера Циривири" и ул. „Борка Медарот" се случила **сообраќајна незгода** во која патничко возило „Голф" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.В. (29) од Прилеп удрил во 10-годишен велосипедист од Прилеп. Во незгодата се тешки телесни повреди се здобило детето кое било пренесено и задржано на понатамошно лекување во Клинички центар Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од ПС Прилеп.

**29.6.2017** - На 29.06.2017 година околу 06.40 часот на место викано „Пруга", атар на с.Прибачево, кочанско, се случила **сообраќајна незгода** во која патничко возило „Пежо" со кочански регистарски ознаки, управувано од лицето С.Х. (52) од с.Прибачево удрило во лицето В.Р. (76) од Кочани, кој управувал велосипед. Велосипедистот починал на местото на настанот. Увид на местото на настанот извршила екипа на ПС Кочани. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено на обдукција.

## Јули 2017

**5.7.2017** - На 04.07.2017 година во 15,25 часот на магистралниот пат Штип-Делчево во близина на „Кучичинска крстосница" се случила **сообраќајна незгода** помеѓу ПМВ„Форд Фиеста"со делчевски регистерски таблици управувано од А.Н. (33) од Делчево и велосипедист М. Ј. (65) од с.Чешиново.Во незгодата со тешки телесни повреди (скршеници на черепот, скршеници на две ребра и скршеница на лева потколеница) се здобил велосипедистот и истиот бил пренесен во Медицинскиот Центар-Штип, но поради сериозноста на повредите истиот бил препратен во Ургентниот Центар-Скопје на Клиниката за неврохирургија и се наоѓа во животна опасност. За време на вршење на увидот сообраќајот за патничките моторни возила бил пренасочуван додека за товарните моторни возила сообраќајот бил во целосен прекин.

**12.7.2017** - На 11.07.2017 година во 20,47 часот Е.И. пријавил дека на ул.„1" во с.Батинци, се случила **сообраќајна незгода** во која патничко моторно возило „Алфа Ромео" со скопски регистарски ознаки управувано од М.С.(48) од с.Елово, удрило во велосипед од кои се повредени две лица на возраст од 13 и 16 години. Постариот малолетник (16- годишникот) е пренесен во Ургентен центар Скопје и констатирани му се тешки телесни повреди (во коматозна состојба, со крварење во мозок) додека на 13 годишното лице во Градска општа болница "Св. Наум Охридски" констатирани му се телесни повреди.

**17.7.2017** - На 14.07.2017 година, во Полициската станица Струга З.Ч.(69) од Р.Австрија, пријавил дека во периодот од летните месеци од 2016 година до 13.07.2017 година, на ул. Партизанска" во Струга, во подрумска просторија, негова сопственост, непознат сторител со употреба на тврд предмет влегол внатре и извршил **тешка кражба** одземајќи, велосипед, два телефони, мини шпорет и поголема количина разновиден алат и други предмети, во вредност од околу 300.000 денари. Се преземаат мерки за откривање на сторителот и расчистување на случајот.

**24.7.2017** - На 23.07.2017 година во 23,00 часот во Тетово, на бул.„Видое Смилевски Бато" се случила **сообраќајна незгода** помеѓу велосипед, управуван од засега непознато лице кое по ударот го напуштило местото на настанот, и пешак- малолетничка на возраст од 11 години од Тетово. Во незгодата истата се здобила со тешки телесни повреди, по што со возило е пренесена во Клиничка Болница-Тетово, каде и е укажана лекарска помош и е пуштена на домашно лекување. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на Секторот за внатрешни работи-Тетово.

**28.7.2017** - На 27.07.2017 година во 19.12 часот во с.Ново Село, општина Зелениково, се случила **сообраќајна незгода** во која патничко возило „Ауди А4“ со скопски регистарски ознаки, управувано од З.М.(56) од Скопје, удрило во велосипед управуван од седумгодишно дете од Ново Село. Во незгодата детето се здобило со тешки телесни повреди констатирани од лекар од Ургентен центар Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа на СВР Скопје.

**31.7.2017** - На 30.07.2017 година во 18.50 часот на крстосница од бул. „Видое Смилевски Бато“ со ул. „Борис Кидрич“ во Тетово се случила **сообраќајна незгода** во која автобус „Мерцедес“ со тетовски регистарски ознаки, управуван од Е.З. (47) од с.Теново удрил во велосипед „Рог“, управуван од О.Ј.(26) од Тетово. Од незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, кој со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Клинички центар Тетово. По укажаната лекарска помош, тој бил задржан на понатамошно лекување.Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Тетово.

## Август 2017

**26.8.2017** - На 25.08.2017 година во 18,40 часот во Битола на ул.„Довлеџик“, се случила **сообраќајна незгода** во која велосипедист, дете на возраст од седум години, изгубило контрола над велосипедот и се излизгал на земјена површина. Од падот детето се здобило со тешки телесни повреди, по што било пренесено и задржано на лекување во КАРИЛ при Клиничка Болница-Битола. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Битола и се работи на целосно расчистување на случајот.

**30.8.2017** - На 29.08.2017 година во 09.40 часот на ул. „2“ во населба Илинден-Скопје се случила **сообраќајна незгода** во која А.Б. (27) од с.Цветово, скопско, управувајќи теренско моторно возило „Мерцедес Бенз“ со скопски регистарски ознаки, удрил во велосипед „Собим“ управуван од И.П.(66) од населба Илинден-Скопје. По незгодата, велосипедистот со возило на Итна медицинска помош, бил пренесен во Ургентен центар Скопје, каде во 18.30 часот им подлегнал на повредите. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

**31.8.2017** - На 30.08.2017 година во 23,30 часот во Тетово на бул.„Маршал Тито“ се случила **сообраќајна незгода** помеѓу патничко моторно возило „Опел Корса“ со тетовски регистерски таблици управувано од И.Б. (20) од с.Селце-тетовско и велосипед управуван од Љ.С. (62) од Тетово. Во незгодата со тешки телесни повреди се стекнал Љ.С., кој со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Клиничката Болница во Тетово, од каде поради сериозноста на повредите бил препратен во Ургентниот Центар во Скопје. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Тетово. Се работи на целосно расчистување на случајот.

## Септември 2017

**3.9.2017** - На 02.09.2017 година во 18,25 часот во Полициската станица во Тетово бил пријавен **нарушен јавен ред и мир со меѓусебна тепачка** на неколку лица на ул.„ Киро Ристовски Дрнц“. Од страна на униформирани полициски службеници веднаш било излезено на лице место, каде што било забележано патничко моторно возило “Форд Ескорт“ со тетовски регистарски ознаки, во кое бил И.Б. (1991) од Тетово. Тој на полициските службеници им рекол дека околу 18,20 часот, кога со неговото патнично моторно возило застанал на наведеното место, дошол Н.Б (1957) од Тетово, кој управувал велосипед, по што настанала меѓусебна расправија во врска со сообраќајот. Потоа Н.Б. удрил со неколку тупаници на кровот од возилото, по што И.Б излегол од возилото и настанала тепачка , разменувајќи си по неколку удари со тупаници и клоци по главите и телата. Во еден момент, откако И.Б. успеал да го собори Н.Б. на асфалтот, во тепачката се приклучиле и две непознати лица , кои неколку пати го удриле И.Б. по главата и телото. Потоа непознатите лица заедно со Н.Б. со патничкото моторно возило со непозната марка заминале од местото на настанот, а велосипедот го оставиле на лице место. При тепачката, од страна на пријавените лица била оштетена вратата од возилото од возачката страна. Кај И.Б биле забележани повреди во вид на отоци, црвенила и огреботини во пределот на главата и телото, по што истиот со возило на Итна

медицинска помош бил пренесен во Клиничката болница во Тетово , каде по укажаната лекарска помош била констатирана тешка телесна повреда на левото рамо. Во меѓувреме и Н.Б се пријавил за укажување лекарска помош, при што биле констатирани телесни повреди и бил задржан во Клиничката болница за опсервација. За настанот бил запознаен Јавен обвинител. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

**5.9.2017** - На 04.09.2017 година околу 14.30 часот на крстосницата од булевар „Борис Трајковски“ и регионалниот пат за ХЕЦ-„Козјак“ во Скопје се случила **сообраќајна незгода** помеѓу теренско возило „ФАП 1620“ со скопски регистарски ознаки, управувано од И.И. (61) од с.Чифлик, скопско и велосипед марка „Вентура Онеил“, управуван од Н.П. (30) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, кој со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Ургентен центар Скопје, каде во 16.05 часот починал. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје.

## Октомври 2017

нема

## Ноември 2017

**22.11.2017** - На 21.11.2017 година во 18,00 часот на ул. “Прилепска“ Р.Н. (51) од Битола управувајќи велосипед во моментот кога минувал крај паркирано патничко возило “Опел Корса“ со битолски регистерски таблици управувано од В.Л. (42) од Битола, **удрил во отворената предна врата од возилото** додека В.Л. имала намера да излезе од возилото. Во незгодата велосипедистот се здобил со тешка телесна повреда (фрактура на лев колк), и бил пренесен и задржан на лекување во Клиничката Болница во Битола. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Битола. Се работи на целосно расчистување на случајот.

**26.11.2017** - На 25.11.2017 година околу 13.45 часот на бул. „Гоце Делчев“ во Гостивар, Б.Ќ. (66) од Гостивар, управувајќи патничко возило „Фиат темпра“ со гостиварски регистарски ознаки, **удрил во велосипедистот** А.Р. (73) од с.Чајле, гостиварско. По незгодата, велосипедистот со такси возило бил пренесен во Медицински центар Гостивар, каде му биле констатирани лесни телесни повреди, но бидејќи не се чувствувал добро бил задржан на понатамошно испитување. По кратко време, А.Р. со болничко возило, бил пренесен во Клиничкиот центар Скопје, каде што на 26.11. во 06.15 часот починал. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Гостивар. По наредба на Јавен обвинител над телото на починатиот ќе биде извршена обдукција.

## Декември 2017

**3.12.2017** - На 02.12.2017 година во 17,30 часот во Скопје на крстосница од булевар „8-ми Септември“ со улица „Момин Поток“, патничко моторно возило „Фиат Добло“ со скопски регистарски ознаки, управувано од С.П.(61) од Скопје **удрило во велосипед** управуван од непознато машко лице на возраст од 60-70 години. Во незгодата со повреди се здобило лицето кое го управувало велосипедот и со возило на Брза помош е пренесено во Ургентен центар - КАРИЛ, каде му се констатирани тешки телесни повреди (коматозна состојба) и е задржано на понатамошно лекување. Извршен е увид на местото на настанот.

**3.12.2017** - На 02.12.2017 година во 09,00 часот во Полициска станица од општа надлежност Драчево О.Н.(70) пријавил дека околу 08,00 часот, додека се движел со велосипед на улица Коперникова, **од страна на три кучиња скитници бил бутнат од велосипедот**, а потоа бил каснат во пределот на надколеницата на левата нога, по што се упатил во поликлиниката Драчево, каде побарал лекарска помош.

**23.12.2017** - На 22.12.2017 година во 11.30 часот С.Н.(20) од Скопје, пријавил дека истиот ден на кејот на реката Вардар, пред кафулињата на плоштадот бил **нападнат од група кучиња** додека се возел со својот велосипед. Од страна на лекар констатирани му се повреди на десната потколеница.

**27.12.2017** - На 26.12.2017 година во 07.00 часот на крстосница од ул. „Јуриј Гагарин" и ул. „Братфордска" се случила **сообраќајна незгода** во која товарно возило „Фиат Дукато", управувано од С.Б. (54) од Скопје удрило во велосипедист И.Ѓ. (50), исто така, од Скопје. По незгодата И.Ѓ. со возило на Брза помош бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување лекарска помош. Од страна на доктор му биле констатирани тешки телесни повреди и по укажаната лекарска помош бил задржан на понатамошно лекување.

**30.12.2017** - На 29.12.2017 година околу 19.20 часот во Кичево на ул.„Борис Кидрич" во близина на крстосницата со ул.„11-ти Септември", се случила **сообраќајна незгода** во која патничко моторно возило „Опел Астра" со кичевски регистарски ознаки , управувано од А. Р. (23) од Кичево удрил во велосипедист Б. П. (76) од Кичево. А.Р. со своето возило веднаш го пренел Б.П. во медицинскиот центар во Кичево, од каде по укажаната лекарска помош, поради сериозноста на повредите, бил пренесен во Ургентен центар-Скопје. Увид на лице место извршила екипа од Полициската станица-Кичево.

# 2018 ГОДИНА

## Јануари 2018

**12.1.2018** - На 11.01.2018 година во 14.20 часот Ѓ.Љ.(57) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 10.30 часот на Плоштад Македонија додека поминувал со велосипед го **нападнале неколку кучиња скитници**. Едно куче го каснало во пределот на десната потколеница, а друго во пределот на на левата нога.

**19.1.2018** - На 18.01.2018 година околу 16,00 часот на магистралниот пат Делчево-Штип, на надвозникот пред с.Облешево автобус со кочански регистерски таблици управуван од М.М.(60) од Кочани **удрил во велосипед** управуван од С.Т. (58) од с.Мојанци-кочанско. Велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, и со возило на Итна медицинска помош бил транспортиран кон Клиничкиот центар во Штип, но на пат кон болница им подлегнал на повредите. Сообраќајот се одвивал наизменично по една коловозна лента. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Штип и се работи на целосно расчистување на случајот.

**21.1.2018** - На 20.01.2018 година околу 17,20 часот на крстосница ул."Димо Хаџи Димов" со ул."Божидар Аџија" патничко моторно возило "Волксваген Поло" со скопски регистерски таблици управувано од Б.А.(40) од Скопје **удрило во велосипед** управуван од Ц.П.(64) од Скопје. Во незгодата со повреди се здобил велосипедистот и тој бил пренесен во Комплекс клиники "Мајка Тереза", каде му е укажана лекарска помош, а од страна на лекар констатирани му се тешки телесни повреди и бил задржан на понатамошно лекување. Од страна на увидна екипа од СВР-Скопје бил извршен увид и се работи на целосно расчистување на случајот.

## Февруари 2018

**3.2.2018** - На 02.02.2018 година во 08,30 часот, во Скопје на раскрсницата од ул.„Црногорска" со ул.„4-ти Јули", патничко моторно возило „Пежо 208" со скопски регистерски таблици управувано од О.К.(41) од Скопје **удрило во велосипедист** Р.М. (51) од Тетово. Истата била пренесена во Градската општа болница „8-ми Септември" каде и биле констатирани тешки телесни повреди (скршеница на лева рака во пределот на зглобот). Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Скопје и се работи на целосно расчистување на случајот.

**4.2.2018** - На 03.02.2018 година во 12,15 часот во ПС Центар С.П.(63) пријавил дека истиот ден околу 11,45 часот додека се возел со велосипед по ул."Кеј 13-ти Ноември" бил **нападнат-каснат од група кучиња** во пределот на десната подколеница.

**5.2.2018** - Во текот на изминатите денови (02, 03, и 04.02.2018 година), на подрачјето на Сектор за внатрешни работи Скопје се случиле 22 **сообраќајни незгоди** од кои една со загинато лице, една со тешки телесни повреди, 10 со телесни повреди и 10 со материјална штета. При сообраќајните незгоди едно лице починало (моторциклист), едно лице се здобило со тешки телесни повреди (велосипедист) додека 16 се здобиле со лесни телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 105 возачи го управувале возилото со поголема брзина од дозволената. 41 возачи се исклучени од сообраќајот и тоа четири бидејќи го управувале своето возило под дејство на алкохол, 33 возачи го управувале возилото без да се стекнат со право за управување на моторно возило и четворица бидејќи биле возачи почетници. Исто така 27 возила се исклучени од сообраќај, бидејќи 25 биле нерегистрирани додека две биле технички неисправни. Седум возачи се санкционирани бидејќи ја поминале крстосницата на црвено светло, шест не дале првенство на минување, пет неправилно се престроиле и двајца неправилно престигнувале. Преземени се мерки и против еден пешак кој поминал коловоз надвор од пешачки премин. Во текот на

изминатите денови исто така издадени се 167 мандатни платни налози,  додека 125 возила се подигнати со "пајак".

**19.2.2018** - На 18.02.2018 година околу 05.40 часот на ул.„11-ти Октомври" во Куманово, патничко возило „Сеат Кордоба" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Џ.Ш. (61) од Куманово **удрило во велосипед** управуван од С.Б. (56) од Куманово. Од ударот, велосипедистот С.Б.  се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Клиничка болница Куманово, но поради сериозноста на повредите веднаш бил префрлен во Ургентен центар при комплексот клиники „Мајка Тереза". Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Куманово.

**22.2.2018** - На 21.02.2018 година во 12.00 часот, П.А. (73) од Скопје во Полициската станица Центар пријавил дека на 15.02.2018 година околу 11.00 часот, додека се движел со велосипед по ул. „Црвена скопска општина", бил **нападнат и каснат од куче скитник** на десната нога.

## Март 2018

**07.03.2018** - На 06.03.2018 година околу 11.20 часот на ул. „Васко Карангелевски" во Скопје, во близина на "Мајчин дом", патничко возило „Нисан Микра" со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.Ж.(50) од Скопје, **удрило во велосипед** управуван од 12-годишно момче од Скопје. Од ударот детето се здобило со повреди и со возилото на возачот било пренесено во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде му била укажана лекарска помош.  Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

**17.03.2018** - На 16.03.2018 година во 21,00 часот на улицата „Петре Георгиев" патничко моторно возило „Рено Канго" со скопски регистерски таблици управувано од О.Р.(31) од Скопје **удрило во велосипед** управуван од 11- годишно дете од Скопје. Во  незгодата детето се здобило со тешки телесни повреди и со возило на Итна медицинска помош било пренесено во Градската општа болница "Свети Наум Охридски", но поради сериозноста на повредите било препратено во комплексот клиники "Мајка Тереза" за понатамошно лекување. Од страна на увидна екипа од Секторот за внатрешни работи-Скопје бил извршен увид и се работи на целосно расчистување на случајот.

**17.03.2018** - Секторот за внатрешни работи Тетово поднесе кривична пријава против З.А.(16) од с. Озормиште-тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени четири кривични дела „тешка кражба" и едно  кривично дело „кражба ",  против 14 годишен малолетник од село Радиовце поради постоење основи на сомнение за сторени три кривични дела „тешка кражба" и едно кривично дело „кражба",  против Б.Б. (18) од село Копанце поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба" и против А.А. (30) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „прикривање". Во периодот од 04.12.2017 до 21.01.2018 година, прво, второ и третопријавениот извршиле две тешки кражби во црквата "Свети Атанасија" во село Радиовце, тешка кражба во црквата "Свети Никола" во село Копанце, тешка кражба во куќа во село Радиовце и кражба во плевна во село Радиовце. Тие со употреба на сила влегувале во објектите и **одземале** парични сревства, разновидни алати и **велосипеди**, со што се стекнале со противправна имотна корист од 21.500 денари. Четвртопријавениот, украдените предмети ги прикривал и ги продавал на други лица.

## Април 2018

**06.04.2018** - На 05.04.2018 година во 13.25 часот во Полициската станица Карпош, Љ.Ј. (61) од Скопје пријавил дека на 01.04.2018 година во 13.00 часот на бул. „Партизански Одреди", додека се движел со велосипед, бил **нападнат и каснат од куче** скитник.

**10.04.2018** - На 09.04.2018 година околу 14,55 часот во с.Будаково-битолско, патничко моторно возило „Опел Вектра" со швајцарски национални ознаки управувано од А.Б.(29) од с.Канатларци **удрил во шестгодишно дете, кое управувало велосипед**. Возачот со повреденото дете се упатил кон Битола, но по

пат се пресретнал со екипа на Итната медицинска помош којашто го пренела детето во Клиничката болница во Битола, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на Секторот за внатрешни работи Битола. Се работи на целосно расчистување на случајот.

**17.04.2018** - На 16.04.2018 година во 17,10 часот во Полициската станица Центар, Б.Л. (41) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 09,00 часот на улицата „Македонија", додека се возела со велосипед, била **нападната од повеќе кучиња**-скитници од кои едното ја каснало на десната потколеница.

**18.04.2018** - На 17.04.2018 година во 08,40 часот на локалниот пат Скопје-населба Илинден, во близина на Хиподром, товарно моторно возило "Мерцедес" со скопски рагистерски таблици управувано од Д.Д.(33) од Велес **удрил во велосипед** управуван од С.Ј.(71) од Скопје. Во незгодата со повреди се здобила С.Ј. која со возило на Итна медицинска помош била пренесена во Градската општа болница "Свети Наум Охридски" каде од страна на лекар и биле констатирани тешки телесни повреди и била задржана за понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Секторот за внатрешни работи СВР-Скопје. Се работи на целосно расчистување на случајот.

**20.04.2018** - На 19.04.2018 година околу 20,30 часот во Скопје, на булевар „Кочо Рацин" се случила **сообраќајна незгода** помеѓу патничко моторно возило „Опел Астра" со скопски регистарски ознаки управувано од Ј.С.(80) од Скопје и велосипедист А.Т.(25) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди констатирани во Градска општа болница „Св. Наум Охридски" се здобила А.Т. . Извршен е увид на местото на настанот.

**23.04.2018** - На 22.04.2018 година околу 23,50 часот на тротоар на булевар „Илинденска" во Тетово се случила сообраќајна незгода во која патничко моторно возило „Форд С макс" со тетовски регистерски ознаки, управувано од Н.С.(48) од Голема Речица **удрил во велосипед**, управуван од Ф.Д.(22) од Поградец. Н.С. го напуштил местото на настанот, но подоцна сам се пријавил. Велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, по што му е укажана лекарска помош во Клиничка болница Тетово.

**27.04.2018** - На 26.04.2018 година околу 16.00 часот на улица „Киро Ристовски-Дрнц" во Тетово непознато возило **удрило во велосипед** што го управувал Л.С.(24) од Тетово, по што возилото веднаш го напуштило местото на настанот. Притоа, велосипедистот се здобил со повреди и бил пренесен во тетовската клиничка болница, каде по укажаната помош бил задржан на лекување. Извршен е увид, се преземаат мерки за пронаоѓање на возачот на возилото и за целосно расчистување на случајот.

**29.04.2018** - На 28.04.2018 година во 14,10 часот на улицата „Босна и Херцеговина", на паркинг пред зграда во Скопје, патничко моторно возило „Голф" со скопски регистерски таблици управувано од А.И.(47) од Скопје **удрило во велосипедист**, дете на возраст од 10 години. Детето со возило на Итна медицинска помош било пренесено во Комплексот клиники "Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на настанот и се работи на расчистување на случајот.

## Мај 2018

**02.05.2018** - На 01.05.2018 година околу 15,00 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје пријавео е дека на локалниот пат од с.Катланово кон с.Брезница додека Ш.К.(54) и Х.К (48), двајцата од Јапонија, се движеле со велосипеди, им се приближило патничко моторно возило „Форд" во кое имало три непознати лица кои излегле од возилото и **физички ги нападнале**, ги турнале од велосипедите и им одзеле 3000 евра, патни исправи, кредитни картички и еден мобилен телефон „Ајфон". Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**03.05.2018** - На 02.05.2018 година во 22,00 часот во Прилеп на улицата „Гоце Делчев" се случила **сообраќајна незгода** помеѓу велосипед „Центурион" управуван од 17 годишно момче од Прилеп, кој на

велосипедот превезувал негов врсник, и патничко моторно возило „Пежо 206" со скопски регистерски таблици управувано од А.К.(26) од Прилеп. Во незгодата со тешеки телесни повреди се здобил велосипедистот, а со телесни повреди се здобило и 17 годишникот што се превезувал на велосипедот. На двајцата им е укажана лекарска помош во Градската болница во Прилеп. Извршен бил увид на местото на настанот, се работи на целосоно расчистување на случајот.

**04.05.2018** - На 03.05.2018 година околу 21,00 часот на кружниот тек на булеварот „Маршал Тито" во Тетово, патничко моторно возило "Мерцедес" со тетовски регистерски ознаки, управувано од Ф.А.(33) од село Желино **удрило во велосипед** што го управувало 16 годишно лице од село Слатино. Повреденото лице било пренесено во Клиничката болница во Тетово каде што се констатирани телесни повреди. Извршен бил увид на местото на настанот, се работи на целосно расчистување на случајот.

**08.05.2018** - На 07.05.2018 година околу 17.00 часот, Ф.Ј. (65 )од с.Теново, тетовско, движејќи се со велосипед по локалниот пат од село Пирок кон автопатот Гостивар-Тетово, од засега непознати причини **паднал од велосипедот** и се здобил со повреди на главата. Со возило бил пренесен во тетовската клиничка болница и по укажаната лекарска помош бил префрлен на скопските клиники. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**08.05.2018** - На 07.05.2018 година во 18.00 часот на ул. „Никола Тесла" во Скопје патничко возило „Мазда" со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.Г. (69) од Скопје, **удрило во велосипед** управуван од Д.Љ.(29) од Скопје. Од ударот со повреди се здобил Д.Љ., кој бил пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди и бил задржан за понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

**19.05.2018** - На 18.05.2018 година во 11.55 часот во Битола на улица „Партизанска" се случила **сообраќајна незгода** помеѓу патничко моторно возило „Мерцедес" со битолски регистарски ознаки управувано од С.Б.(47) од Битола и велосипедист Ј.К.(77) од Битола. Во незгодата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди и е пренесен во Клиничка болница Битола. Извршен е увид на местото на настанот. Се работи на расчистување на случајот.

**26.05.2018** - На 25.05.2018 година во 10.30 часот во Полициската станица Кисела вода, О.Л. (29) од Скопје пријавила дека на 22.05.2018 година околу 23.30 часот на бул. „Борис Трајковски", додека возела велосипед, била **нападната и касната од куче** скитник за десната нога при што се здобила со видливи повреди кои и биле санирани во Ургентен Центар при комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје.

**28.05.2018** - На 27.05.2018 година во 13.13 часот во Единицата за информации и команда Скопје било пријавено дека на ул. „Александар Урдаревски", В.В. (32) од с.Мирковци, скопско, управувајќи патничко возило „Мицубиши" со скопски регистарски ознаки, **удрило во 10-годишно момче од Скопје, кое возело велосипед**. При ударот детето се здобило со повреди и било пренесено во Ургентен центар при комплексот клиники „Мајка Тереза" Скопје, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

## Јуни 2018

**02.06.2018** - На ден 02.06.2018 година околу 08,20 часот во Велес на крстоницата од улиците "Борис Трајковски" со улицата "АСНОМ" патничко моторно возило „Волксваген Голф" со велешки регистерски таблици управувано од З.Ж.(59) од Велес **удрил во велосипед** управуван од 13 годишно дете од Велес. Во незгодата со повреди се здобило детето кое со возило на Итна медицинска помош било пренесено во Општата болница во Велес каде од страна на лекар биле констатирани тешки телесни повреди и по укажаната лекарска помош било пуштено на домашно лекување. Бил извршен увид и се работи на целосно расчистување на случајот.

**04.06.2018** - На 03.06.2018 година во 16.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.Г. (18) пријавил дека на 01.06.2018 година во 20.00 часот на ул. „Палмиро Тољати“ управувал велосипед и паднал на коловоз кога бил **нападнат од куче-скитник**. После тоа, со друго возило, тој бил пренесен во Градската општа болница „Свети Наум Охридски“ каде му била укажана лекарска помош и му биле констатирани тешки телесни повреди.

**09.06.2018** - На 08.06.2018 година во 14,05 часот на улицата "Митрополит Теодосиј Гологанов" моторцикл „Априлија“ со скопски регистерски таблици управуван од М.Д.(36) од Скопје **удрил во велосипед** управуван од С.С.(71) од Битола. Велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во комплексот клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Кај М.Д. констатирани биле телесни повреди. Извршен бил увид на местото на настанот и се работи на целосно расчистување на случајот.

**09.06.2018** - На 08.06.2018 година во 14,20 часот во Полициската станица Центар Д.Н.(52) пријавил дека истиот ден околу 11,30 часот на Плоштад Македонија додека управувал со неговиот велосипед, бил **пресретнат од кучиња-скитници** при што едно од кучињата го каснало во пределот на десната потколеница.

**12.06.2017** - На 11.06.2018 година во 12.20 часот во Полициската станица Центар, З.С. (52) од Скопје пријавил дека истиотден околу 12.00 часот на улица „Кеј 13-ти Ноември“, додека возел велосипед, бил **нападнат од куче скитник** кое го каснало за десната нога и му нанело видливи повреди.

**19.06.2018** - На 19.06.2018 година во 00.30 часот на крстосницата од булеварите „Србија“, „Видое Смилевски -Бато“ и „Јане Сандански“, патничко возило „Пежо“ со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.К. (24) од Скопје, **удрило во 15-годишна девојка која управувала велосипед**.. Од ударот со тешки телесни повреди се здобила велосипедистката која со возило на Итна медицинска помош била пренесена во комплексот клиники „Мајка Тереза“, каде и била укажана лекарска помош и била задржана на понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

**23.06.2018** - На 22.06.2018 година во 07,40 часот во Скопје, на ул.„Јустинијан Први“, пред фирма за градежни материјали се случила **сообраќајна незгода** помеѓу патничко моторно возило "Шкода Фелиција" со скопски регистарски ознаки управувано од А. Г. (29) од Скопје и велосипед управуван од В. Б. (73) од Скопје, при што во незгодата велосипедистот се здобил со тешка телесна повреда (фрактура на лева клучна коска) и му била укажана лекарска помош во Клиничкиот центар во Скопје. Увид на лице место извршила увидна екипа од СВР Скопје.

**27.06.2018** - На 26.06.2018 година во 15,40 часот во Полициската станица Центар М.Ј.(31) пријавил дека истиот ден околу 08,30 часот додека се движел со велосипед на улица "Македонија" бил **нападнат од кучиња-скитници** и едно од нив го каснало во пределот на десната подколеница.

## Јули 2018

**01.07.2018** - На 30.06.2018 година во 23,55 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје А.Ц.(56) пријавил дека истиот ден околу 23,30 часот на булеварот "Партизански Одреди" од страна на две непознати лица му била **извршена тешка кражба** на дрзок начин при што му бил одземен еден ранец во кој имало четири илјади евра, 50.000 денари и лични документи. Сторителите кражбата ја извршиле на тој начин што додека пријавителот се возел со велосипед лицата со моторцикл му се доближиле од позади грб и од корпата му го одзеле ранецот по што го напуштиле местото на настанот стекнувајќи се со противправна имотна корист од околу 300.000 денари. Се превземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**04.07.2018** - На 04.07.2018 година околу 00.30 часот на ул.„Цветан Димов“ во Скопје патничко возило „Мерцедес“ со скопски регистарски ознаки, управувано од непознато машко лице, **удрило во велосипед**, управуван од А.А. (1987) од Скопје, по што го напуштило местото. Од ударот велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди и со друго возило бил пренесен во Градската општа болница „Св. Наум Охридски“ каде му била укажана лекарска помош. Се преземаат мерки за пронаоѓање на возачот и за целосно расчистување на случајот.

**09.07.2018** - На 07.07.2018 година во 06,30 часот во Битола на пешачки премин на улицата „Филип Втори Македонски“ патничко моторно возило “Киа Авела“ со битолски регистарски ознаки управувано од М.А.(24) од село Мојно, битолско **удрило велосипед** управуван од С.К.(57) од Битола. Во незгодата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на настанот.

**19.07.2018** - На 18.07.2018 година околу 14,30 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје било пријавено дека на булевар “Партизански Одреди“ патничко моторно возило “Опел Астра“ со скопски регистерски таблици управувано од Г.Б.(61) од Скопје **удрило во велосипед** “Скот“ управуван од Б.Б.(36) од Скопје. Од незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот кој со истото возило, бил пренесен во Градската општа болница “8-ми Септември“ каде му била укажана лекарска помош. Се работи на целосно расчистување на случајот.

**19.07.2018** - На 18.07.2018 година во 18,20 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје било пријавено дека на крстосницата од булевар “Јане Сандански“ и улица “23-ти Октомври“ патничко моторно возило “Мерцедес“ со скопски регистерски таблици управувано од С.Ѓ.(70) од Скопје **удрил во велосипед** “РОГ“ управуван од А.Р.(27) од Скопје. Од незгодата со тешки телесни повреди се задобил велосипедистот кој со возило бил пренесен во Градската општа болница “Свети Наум Охридски“ за укажување лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот и се работи на целосно расчистување на случајот.

**20.07.2018** - На 19.07.2018 година во 23,45 часот Б.Ѓ.(18) од село Мралино-скопско пријавил дека истиот ден околу 23,30 часот во село Дељадровце додека управувал велосипед заедно со неговиот другар З.И.(18) под надвозникот на автопат Скопје - Куманово физички бил нападнат од страна на две лица од село Миладиновци на возраст од 16 и 17 години. Сторителите откако сопреле со патничко моторно возило "Сеат" со кумановски регистарски ознаки физички **го нападнале пријавителот**. По преземени мерки лицата се пронајдени и против истите се поднесени два записника за констатиран прекршок по член 12 став 2 од Закон за прекршоци против јавниот ред и мир.

**26.07.2018** - На 25.07.2018 година во 15,55 часот било пријавено дека на улицата „Димитар Влахов“ во Кочани се случила **сообракајна незгода** помеѓу товарно моторно возило „Ман“ со кочански регистарски ознаки управувано од З.М.(50) од Кочани и велосипед управуван од Ј.А.(79) од Кочани. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот кој по укажаната лекарска помош во болницата во Кочани бил задржан на понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Кочани и се работи на целосно расчистување на случајот.

**29.07.2018** - На 28.07.2018 година во 22,40 часот на улицата “Сирма Војвода“ во Охрид, се случила **сообраќајна незгода** помеѓу мопед со охридски регистерски таблици управуван од И.М.(35) од Охрид и велосипед управуван од 13 годишно дете од Охрид. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот кој со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Општата болница во Охрид каде по укажаната лекарска помош бил задржан на понатамошно лекување, а велосипедистот се здобил со телесни повреди и со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во болницата “Свети Еразмо“-Охрид каде по укажаната лекарска помош бил пуштен на домашно лекување. Извршен бил увид на местото на настанот и се работи на целосно расчистување на случајот.

**29.07.2018** - На 28.07.2018 година во 09,45 часот во Тетово на кружинот тек од улицата „Иво Рибар Лола“ со улицата „Мирче Ацев“ патничко моторно возило “Ауди“ со тетовски регистерски таблици управувано од Н.И.(41) од с.Џепчиште-тетовско, **удрило во велосипед** управуван од Ј.П.(72) од Тетово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот кој бил пренесен во Клиничката болница во Тетово и по укажаната лекарска помош бил задржан на понатамошно лекување. Извршен бил увид на местото на настанот и се работи на целосно расчистување на случајот.

## Август 2018

**04.08.2018** - На 03.08.2018 година во 08,40 часот било пријавено дека во Струмица на булеварот “Гоце Делчев“ се случила сообраќајна незгода меѓу патничко моторно возило “Форд Фиеста“ со струмички регистерски таблици, управувано од Н.С.(29) од Струмица, и велоспиед управуван од Ѓ.А.(59) од Скопје. Во незгодата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани од страна на лекар од Медицинскиот центар во Струмица. Извршен бил увид на местото на настанот од страна на СВР-Струмица и се работи на целосно расчистување на случајот.

**08.08.2018** - На 07.08.2018 година во 14,10 часот во Полициската станица Центар, Л.М. (23) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 12,00 часот на плоштадот „Филип Втори“, додека се движел со велосипед, бил нападнат поголема група кучиња- скитници, при што едно од нив го каснало за десната потколеница.

**12.08.2018** - На 11.08.2018 година во 19.40 часот на ул. „Едвард Кардељ“ во Струга автобус „Ивеко“ со струшки регистарски ознаки, управуван од Г.П. (57) од с.Мислешево, струшко, удрил во велосипед управуван од 11-годишно момче од Струга. Од ударот дететот се здобило со тешки телесни повреди и со возило на Итна медицинска помош Струга бил пренесен во болницата „Св.Еразмо“ - Охрид, каде му била укажана лекарска помош и бил задржан на понатамошно лекување. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Струга.

**12.08.2018** - На 11.08.2018 година во 10.00 часот во Полициската станица Центар, С.Ф. (67) од Скопје пријавил дека на 10.08.2018 година околу 13.00 часот на Плоштад Македонија, додека управувал велосипед, бил нападнат од повеќе кучиња скитници, при што едно од нив го каснало на левата потколеница.

**22.08.2018** - На 22.08.2018 година околу 00.30 часот, М.Р.(46) одТетово пријавил дека заедно со неговиот 10-годишен син, додека се движеле со велосипеди по улица „Илинденска“ во Тетово, биле нападнати од повеќе кучиња скитници. Со возило на итна медицинска помош двајцата биле пренесени во тетовската клиничка болница за укажување на лекарска помош.

**26.08.2018** - На 25.08.2018 година, околу 17.15 часот на регионален пат Куманово - Скопје, на излез од село Никуштак, непознато патничко моторно возило управувано од непознато лице удрило во велосипед управуван од М.А.(59) од село Никуштак, Липково. По незгодата возачот го напуштил местото на настанот, додека М.А. се здобил со тешки телесни повреди и по укажана лекарска помош во болница Куманово е задржан на понатамошно лекување. Извршен е увид на местото на настанот.